ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТ...
ДЕРВЕН
Бр. 04-282/4
22-02-2024 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работните односи ("Сл.Весник на РМ" бр.62/2008, 106/2008, 161/2008, 114/2009....27/2016, 120/2018 и 110/19) член 37-и од Законот за јавните претпријатија ("Сл.Весник на РМ бр.38/1996, 6/2002, 40/2003....39/2016 и 64/2018"), член 21 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Сл. Весник на РМ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, ") и член 9 и член 10 од Колективниот договор на ЈКП ДЕРВЕН Велес, Директорот на претпријатието распишува:

О Г Л А С
за вработување на даватели на јавни услуги и помошно-технички лица на неопределено време во ЈКП ДЕРВЕН Велес

Член 1

Директорот на ЈКП ДЕРВЕН Велес распишува Оглас за вработување на даватели на јавни услуги и помошно-технички лица за следниве работни места:

1. **Раководител на пазар (и)** со шифра на работно место КДР0305А03021 - (1) извршител
   - Најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен (Општествени науки (Право и Економија и бизнис));
   - најмалку две години работно искуство во струката, од кои најмалку една години на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор
   - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда

     Паричен нето износ на плата: 38.064,00 денари

2. **Лаборант во Одделение фабрика за преработка на вода / Сектор Водовод и канализација** со шифра на работно место КДР 03 05 Б02 065 - (1) извршител
   - најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование (Биологија, хемија, биохемија, медицина)
   - најмалку две години работно искуство во струката

     Паричен нето износ на плата : 25.145,00 денари

3. **Општ работник во Одделение за Јавна хигиена / Сектор Комунална хигиена** со шифра на работно место КДР0305В02031 – (1) извршител
   - Основно образование
   - Без работно искуство

     Паричен нето износ на плата : 25.008,00 денари

4. **Работник за утовар на ѓубре во Одделение за Износ на смет / Сектор Комунална хигиена** со шифра на работно место КДР0305В02002 – (2) извршителa
   - Основно образование
   - Без работно искуство

     Паричен нето износ на плата : 26.652,00 денари

5. **Општ работник во Оддел за Складирање и третман на отпад / Одделение за Износ на смет Сектор Комунална хигиена** со шифра на работно место КДР0305В02031– (2) извршителa
   - Основно образование
   - Без работно искуство

     Паричен нето износ на плата : 25.008,00 денари

6. **Општ работник во Одделение за Одржување на јавно зеленило и постапување со деградирани дрвја / Сектор Паркови и зеленило** со шифра на работно место КДР0305В02031 – (2) извршителa
   - Основно образование
   - Без работно искуство

     Паричен нето износ на плата: 25.008,00 денари

7. **Помошник бравар во Оддел за Машино – браварски работи / Одделение за Планирање, инвестиции и развој** со шифра на работно место КДР0401А03014 – (1) извршител
   - Основно образование
   - Без работно искуство

   Паричен нето износ на плата: 25.008,00 денари

8. **Механичар во Оддел Автомеханичарска работилница / Одделение за Износ на смет / Сектор Комунална хигиена** со шифра на работно место КДР0401А02035
   - најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование (автомеханичар, машинско, електро)
   - најмалку една години работно искуство во струката

   Паричен нето износ на плата: 27.245,00 денари

Член 2

За пополнување на работните места, кандидатите треба да ги исполнуваат следниве општи услови:
- да е државјанин на Република С.Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Покрај општите услови за пополнување на работно место од ставот (1) на овој член, кандидатот треба да ги исполни следниве посебни услови:
- да има соодветни стручни квалификации потребни за работното место,
- да има соодветно работно искуство потребно за работното место и
- да поседува соодветни посебни работни компетенции потребни за работното место.

Член 3

Работното време за работните места под точка 1, 6, 7 и 8 е со почеток од 07:00 часот до 15:00 часот, во траење од 40 часови во текот на една недела.

Работното време за работното место под точка, 2, 3, 4 и 5 е во три смени и тоа:
- прва смена од 07:00 часот до 15:00 часот
- втора смена од 15:00 часот до 23:00 часот и
- трета смена од 23:00 часот до 07:00 часот, во траење од 40 часови во текот на една недела.

Член 4

Пријавите и задолжителните докази за исполнување на условите за вработување се поднесуваат **во хартиена форма во архивата на ЈКП Дервен Велес** на адреса Вардарска бб, 1400 Велес

Член 5

Огласот за вработување ќе трае 15 (петнаесет) дена од денот на неговото објавување во дневните весници. По завршувањето на административната селекција кандидатите кои ги исполнуваат општите и посебните услови за работните места на кои конкурираленќе бидат повикани на интервју во рок од 5 (пет) дена.

Директор
ЈКП ДЕРВЕН Велес
Дипл.технолошки инженер Горанчо Наунчев